1494.

Врз основа на член 30 став 1 алинеја 2 од Законот за трговија(*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10,158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15, 53/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.77/21, 215/21, 295/21 и 150/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 11 април 2023 годин а, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИ ЦЕНИ ЗА ОДДЕЛНИ ПРОИЗВОДИ ВО ТРГОВИЈАТА НА МАЛО**

Член 1

Во Одлуката за определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на мало („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.71/23) во членот 1 алинејата 4 се брише.

Член 2

Во членот 2 ставот 1 се менува и гласи:

„Највисоките цени на производите од членот 1 од оваа одлука, во трговијата на мало, се утврдуваат во висина:

- до 95 денари за килограм свежи домати,

- до 95 денари за килограм свежи краставици,

- до 70 денари за килограм кромид,

-до 100 денари за килограм свежи зелени пиперки,

- до 95 денари за килограм грав,

- до 110 денари за килограм леќа,

- до 75 денари за килограм банани,

- до 60 денари за килограм портокали,

- до 65 денари за килограм мандарини и

- до 60 денари за килограм лимони.“.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува до 30 април 2023 година.

Бр. 41-3848/3
11 април 2023 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р Димитар Ковачевски, с.р.